Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. “Македонија“ бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr. 5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. ____________

________________

СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
## од 452–та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија

**Скопје, 2023 година**

Седницата се одржа на ден 30.08.2023 година – средаво салата за седници со почеток од 10.00 часот.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, Претседател на Судски совет на РСМ
- **Ханиф Зендели**, Заменик претседател и член на Советот
- **м-р Антоанета Димовска**, Член на Советот
- **Мери Радевска,** Член на Советот
- **м-р Ивица Николовски**, Член на Советот
- **Мирсад Суроји**, Член на Советот
- **Весна Дамева,** Член на Советот
- **м-р Миљазим Мустафа**, Член на Советот
- **Павлина Црвенковска**, Член на Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска,** Член на Советот
- **м-р Селим Адеми**, Член на Советот

Отсутни членови – уредно поканети:

- **Кренар Лога**, Министер за правда
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд – членови на Советот по функција и
- **Лорета Горгиева**,Член на Советот, оправдано отсутна, користи денови од годишен одмор

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД Генерален секратар
- **Медиа Шаќири**, Советник
- **Александра Шоптрајанова,** Самостоен Референт

Седницата е отворена за јавноста и на неа присуствуваа:

- **Претставници од невладиниот сектор**
- **Новинари**

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет, седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот Сашко Георгиев, откако констатира дека се исполнети законските услови за одржување на истата.

Во продолжение го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го изложи предлог Дневниот ред за 452-та седница.

1. Усвојување на:

- Записник од 443-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 30.05.2023 година и продолжение од 05.06.2023 година:

- Записник од 446-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 29.06.2023 година и

- Записник од 447-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 04.07.2023 година и

- Записник од 448-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 05.07.2023 година и

- Записник од 449-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 10.07.2023 година

2. Утврдувањена престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;

3. Донесување Одлука за измена на Комисија по објавен оглас за избор на претседател на Основен суд Прилеп;

4. Разгледување на Извештаи од работни посети на Врховен суд на Република Северна Македонија, Апелационен суд Скопје, Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје,

   - Извештаи од работни посети на Основен суд Куманово иОсновен кривичен суд Скопје;

5. Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:

   Упп бр.08-171/23, 217/23, 225/23, 247/23, 269/23;

   Упп бр. 08-148/23, 216/23, 232/23;

   Упп бр.08-9/23, 95/23, 107/23, 119/23, 137/23, 141/23, 163/23, 183/23, 199/23, 208/23;

Упп бр.08-145/23, 200/23, 207/23, 210/23, 215/23, 230/23, 246/23, 254/23, 264/23, 274/23;

Упп бр.08-94/23, 08-209/23, 233/23, 241/23;

Упп бр.08-17/23, 162/23, 213/23, 257/23, 263/23 и

Упп бр.08-198/23, 204/23, 226/23, 237/23, 08-251/23, 255/23.

6. Формирањена Комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд и
7. Разно.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев**на самиот почеток на седницата му даде збор на **членот на Советот м-р Ивица Николовски.**

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** истакна забелешка дека на секоја седница треба да се констатира отсуството на Министерот за правда Кренар Лога како член на Судскиот совет на Република Северна Македонијапо функција и Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија Беса Адеми,односно како оправдано или неоправдано отсутни.

За збор се јави **м-р.Селим Адеми**и истакна дека не се согласува со предлогот на **Ивица Николовски** бидејќи не може да се утврдува дека денес некој е оправдано или неоправдано отсутен. За околностите сами тие знаат и ние не можеме да кажуваме дека тие се неоправдано отсутни, можеби во наредната седница во записникот кога ќе го усвоиме ако имаме факти зошто не се на седница па да се запишува дека е неопраднано, ноние сега не може да кажуваме дека тие се неоправдано отсутни бидејќи не ги знаеме причините.

**Членот на Советот м-р Ивица Николовски** смета во иднина Претседателот на Судски совет треба да побара информации од кои причини кога се уредно канети не доаѓате да учествувате на седниците на Судскиот совет и затоа барам во наредните седници да учествуваат во работата согласно нивните надлежности.

За збор се јави **м-рТања Чачарова Илиевска** и истакна дека се согласува со предлогот на колегата **Ивица Николовски,** дури се спремав и во забелешки на записниците кои се ставени под точка за

денес за усвојување да ставам забелешка на делот каде што е констатирано дека се оправдано отсутни од причина што не сме добиле информации конкретно за овие записници за тие седници што се однесуват дека се од оправдани причини отсутни, и не можеме да констатираме како оправдано отсутни ако навистина не ни доставиле известување дека од оправдани причини не доаѓат на седници. Затоа што станува збор за членови кои по функција се членови на Судски советне ги ослободува од обврската како членови на Судски совет редовно да не се присутни.

**Членот на Советот м-р Антоанета Димовска**предложи да се нотира дека се уредно повикани, но не го известиле Советот за нивното отсуство и тоа така да остане и кога ќе се усвои записникот да се усвојува така а секој нека заклучи што понатака. Меѓутоа најправилно би било да се наведе дека не го известиле Советот за нивното отсуство и дека не се наведени причините без да навлегуваме понатаму дали е оправдано или не, и мислам дека во таа насока размислуваме сите.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев**во најголем дел се согласува и смета дека по Закон и по Устав овие членови се наши како состав и сега имеме препораки за Министерство за правда дека особено за избор и евентуално за разрешување тоа го почитуваме да не учествува, но морам да истакнам дека ние имаме реални проблеми со кои се соочуваме со години station наназад кои што добар дел се не само како членови туку и како Министерство се должни да ги слушнат реалните проблеми а од друга страна и заедно да ги решаваме. Во делот околу администрацијата со штрајкови најавени во некои наврати, знаете на некој дел сме разговарале со колегите, но некако повеќе ми оди преку медиумите но во секој случај ние ќе ги покануваме бидејќи се наши членови, а од друга страна ќе треба тие да одговараат во некое идно време зошто и од кои причини се отсутни.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** ја отвори **452 –та седница**, и дневниот ред го стави на гласање. По гласањето констатира дека со 11 гласа ,,За“ и ниту еден против констарира дека е усвоен предложениот дневен ред и констатира дека седницата продолжува со првата точка-Усвојување на записници

-Усвојување на:Записник од 443-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 30.05.2023 година и продолжение од 05.06.2023 година:

За збор се јави **м-рТања Чачарова Илиевска**и истакна: на минатата седница побарав да се повлече овој записник со забелешки дека истите делумно се корегирани отсранети се тие недостатоци делумно остануват истите и записниците. Кај делот претставки за мене е нелогично записниците да одат по овој редослед. Членот известител ги образложи претставките се отвори дискусија, Советот донесе одлука со која се усвојува или се одбива како неосновано претставката со толку гласа ,,За“и толку против. Не се дадени причините на членовите зошто гласат против предлогот на известителот а ако биле против сигурно дале свои образложени причини зошто го дават таквиот глас. И втора редоследот се донесе следната одлука и сега во одлуката се образлага претставката за мене тоа е нелогично, одлуката е кратка и јасна, претставката се усвојува или е неоснована претставката или се затвора со службена белешка. Значи во одлуката треба тоа да стои а образлагањето на претставката во делот кога известителот добива збор да ја образложи претсатвката. Ова посебно е важно затоа што записниците кога се читат треба да го дадат текот и она што се случува на седницата.

**Членот на Советот Мери Радевска** се јави за збори истакна дека се согласува со колешката **м-рТања Чачарова Илиевска** дека е точно дека записникот нема да ја одрази како што е кажано на седница, значи неможе целата претставка и извидите што се направени да стојат во одлуката а не во делот каде што изнесува оној известител што е воопшто не одговара на она што се случува на седницата и сметам секаде каде што во овие записници имаме претставки да се преработет записниците и да бидат во одраз во она како се води седницата и како се одвиваат настаните.

За збор се јави **Весна Дамева член на Советот** истакна дека претпоставува дека ќе ги стават на гласање записниците и наведува дека во минатата седница имаше ваков заклучок од страна на Советот и да останат овие записници би ги подржала вака и покрај тоа што го делам мислењето на колешката **м-рТања Чачарова Илиевска** дека не може вака да одат во смисла дека формата и содржината не одговараат на тонскиот запис по насока на она што е кажано на седницата и тоа оставам Советот да одлучува. Барам во иднина да се стават имињата и презимињата на членовите на Советот при гласањето мора да бидат наведени во записникот и сметам дека јавноста треба да знае кој за каква одлука гласал и зошто гласал за таа одлука.

**Членот на Советот м-р Селим Адеми**се јави за збори истакна дека треба да се наведат забелешките во записниците за во иднина да нема пречки во усвојувањето на истите и ако има некој дел што не е внесен во записникот да се стави како состав на наведениот записник и да не се губи време за некои формалности или технички аспекти.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање предлогот на членот на Советот **м-рТања Чачарова Илиевска**за повлекување на Записниците од 443-та и 446-та седницаво делот на претставките.По гласањето констатира дека со 10 гласа ,,За“ и ниту еден против констарира дека е усвоен предлог дневниот ред

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** ги стави на гласање за усвојување наведените записници:

- Записник од 447-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 04.07.2023 година и

- Записник од 448-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 05.07.2023 година и

- Записник од 449-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија од 10.07.2023 година

По гласањето констатира дека со 10 гласа ,,За“ и ниту еден против констарира дека се усвоени горенаведените записници од 447-та, 448-та и 449-та седница на Советот.

**Точка 2**

**Утврдње на престанок на судиска функција поради исполнување на услови за старосна пензија;**

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** констатира дека согласно евиденцијата со која располага Судскиот совет се утврди дека: Судијата Мирјана Василевска од Виш управен суд на 14.08.2023 година наполнанала 64 години и исполнува услови за старосна пензија

Судијата Ружица Ивановска од Апелационен суд Битола на 17.08.2023 година наполнанала 64 години и исполнува услови за старосна пензија и

Судијата Владо Крлески од Основен суд Охрид на 28.08.2023 година наполнанал 64 години и исполнува услови за старосна пензија

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев**констатира дека се донесени следнитерешениа:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на судија Мирјана Василевска, судија на Виш управен суд на 30.08.2023 година поради исполнување услови за старосна пензија.

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на судијаРужица Ивановска, судија на Апелационен суд Битола на 30.08.2023 година поради исполнување услови за старосна пензија.

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на судијаВладо Крлески, судија на Основен суд Охрид на 30.08.2023 година поради исполнување услови за старосна пензија.

**Точка 3**

**Донесување Одлука за измена на Комисија по објавен оглас за избор на претседател на Основен суд Прилеп;**

Судскиот совет на Република Северна Македонија, согласно член 36 ст.1 алинеја 2 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на РСМ“ бр.102/2019) и чл.2 од Правилникот за начинот на формирањето на Комисија за проверка на исполнетост на условите и критериумите за избор на претседател на суд, како и начинот на работење на Комисијата бр.01-584/1 од 13.03.2023 година, во врска со донесена одлука за објавување оглас за избор на претседатели на судови,на 452-та седница одржана на 30.08.2023година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

За измена и дополнување на Одлука на Судскиот совет на РСМ бр.02-601/1 од 15.03.2023 година

Во став 1 алинеја 1од Одлуката на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-601/1 од15.03.2023 година, наместо „Зоран Герасимовски- претседател“ на Комисијата, да стои „Ханиф Зендели- претседател“ на Комисијата.

Во останатиот дел одлуката останува неизменета.

**Точка 4**

Разгледување на Извештаи од работни посети на Врховен суд на Република Северна Македонија, Апелационен суд Скопје, Основен граѓански суд Скопјеи Основен кривичен суд Скопје,

- Извештаи од работни посети на Основен суд Куманово иОсновен кривичен суд Скопје;

**Заменик Претседателот на Советот Ханиф Зендели**се јави за збори побара по однос на извештајот за кои вршевме работни посети по судовите почнувајќи од Врховен суд на Република Северна Македонија, Апелационен суд Скопје,Основен кривичен суд Скопје и Основен граѓански суд Скопје да се има во предвид дека и во заклучокот стои дека треба да се донесе заеднички извештај и истиот да биде преставен а денес да се повлече или да се одложи за кратко време додека сите координатори на судовите да донесат заеднички извештај.

За збор се јави **Весна Дамева член на Советот** инаведе декатреба да се стават поединечно Извештаите со заклучоци на секој член на Судскиотсовет почнувајќиод Врховен суд на Република Северна Македонија, Апелационен суд Скопје,Основен кривичен суд Скопје и Основен граѓански суд Скопје. Барам сите членови на Судскиот совет да донесеме рок за заеднички извештај.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласањепредлогот за да се повлечат Извештаите за да може во рок од 15 дена да биде подготвен еден унифициран Извештај од координаторите на Судскиот совет како што се**Ханиф ЗенделиЗаменик Претседателот на Советот,м-рТања ЧачароваИлиевска член на Советот, Лорета Горгиевачлен на Советот и Весна Дамева член на Советот**кој ќе биде разгледан воседница, по што констатира дека со 11 гласа За и ниту еден против е донесен следниот

## З А К Л У Ч О К

**Работната група** формирана при Судскиот совет на Република Северна Македонија со Заклучок на Советот бр.03-625/1 од 11.04.2022 година во состав од координаторите за следење на работата на Врховен суд на Република Северна Македонија, Апелационен суд Скопје, Основен граѓански суд Скопје и Основен кривичен суд Скопје се задолжува да изготви единствен извештај во рок од 15 дена и истиот да го достави до Генералниот секретар како материјал за седница на Советот.

По гласањето констатира дека со 11 гласа ,,За" и ниту еден против еконстарираноповлекувањето на Извештаите од извршените посетиод Врховен суд на Република Северна Македонија, Апелационен суд Скопје,Основен кривичен суд Скопје и Основен граѓански суд Скопје.

**- Разгледување на Извештаи од работни посети на Основен суд Куманово и Основен кривичен суд Скопје;**

**Заменик Претседателот на Советот Ханиф Зендели** се јави за збори побара по однос на Извештајот од работни посети на Основен суд Куманово да се повлече поради дополнување за краток рок.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** му даде збор на **членот на Советот Мери Радевска за Извештајот од работна посета на Основен кривичен суд Скопје –**

Членот на Советот **Мери Радевска** наведе дека Работната посета е реализирана согласно со Акциониот план на Судскиот совет на РСМ за 2023 година и Заклучокот за формирање на работна група бр 02-728/1 од 31.03 2023 година, од страна на членовите на ССРСМ Мери Радевска- координатор за Основен Кривичен суд Скопје, Мирјана Радевска Стевковска, Ханиф Зендели и Сашко Георгиев во периодот од 03.04 2023, 05.04 2023, 10.04.2023 , 11.04 2023 и 24. 04 2023 година .

Цел на посетата е вршење на увид во работата на судиите согласно со член 20 став 3 од Судскиот деловник во однос на констатирање евентуален застој во работата на судиите и причините за застојот, состојбата со стари нерешени и застарени

предмети, проверка на постапките за иземање на судиите, состојбата со предметите решени надвор од разумен рок и состојбата по предмети поврзани со одделни претставки.

За успешно реализирање на посетата, претходно се обезбедени податоци од извештаите во Судскиот совет на РСМ за овој суд и податоци од системот АКМИС на Основниот кривичен суд за старите нерешени предмети по судии, за решените предмети по судии и податоци за застарени предмети.

При посетата одржан е состанок со претседателот на судот во врска со состојбите во судот, тековното работење, движењето на предметите пополнетоста на судски и судско административни места. Во врска со изземањата во судот, дадено е известување дека три судии имаат блиски роднини или лице со кое се во блиски односи - адвокати, но секогаш кога се јавуваат во предмети тие адвокати, судиите се изземаат.

Во Основниот кривичен суд Скопјепо систематизација се определени 70 судии, а моментално има 46 активни судии. Во јули 2023 година избрани се уште 7 судии и има оглас за уште 3 судии.Пополнетоста со судски службеници е 41.71 %

На почетокот во 2022 година во работа биле 13064 предмети, примени 112 012 предмети, вкупно во работа 125 076, решени 109 183 предмети и остаток 15.893 предмети со кој број е започнато во 2023 година, во првиот квартал примени се 42.170 предмети, вкупно во работа имало 58.063, решени се 30.584 предмети и останале нерешени 27 479 предмети. Судот на годишно ниво за 2022 и првиот квартал 2023 година не е ажурен.

Во однос на квалитетот на работа на судот, во 2022 година од решени 25 217 предмети, за огромен број 22.955 предмети странките не поднесле правен лек, што значи дека биле задоволни од донесената одлука, 1566 предмети биле потврдени, 305 укинати, 391 преиначени.

На крајот од 2022 година судот имал 596 стари предмети од кои 314 прекршочни предмети.

Основниот кривичен суд има доставено акционен план за решавање на старите нерешни предмети, последно, крајот на 2022 година.

Основниот кривичен суд редовно до Судскиот совет доставува извештаи за застарени предмети на месечно ниво со изјави на судиите кои постапувале по тие предмети и редовно се следат. Во текот на 2022 година во судот имало 63 застарени предмети од сите области, од кои 40 прекршочни 16 кривични полнолетни, а остатокот извршување на санкции.

При посетата извршен е увид во предмети поврзани со претставки, стари предмети и застарени предемети по случаен избор.

Врз основа на извршениот увид во списите на предметите констатирано е следното:

Членот на Советот **Мери Радевска** изврши увид врз следните предмети:

Извршен е увид во предметите за изземање на судиите ( СУ ИЗЗ) за 2022 година и е констатирано дека во 2022 година биле формирани 79 предмети и од непосреден увид во секој од нив, не се констатирани пропусти**,** донесените решенија се целосно и конкретно образложени и засновани на законските одреби од ЗКП, а прераспределбата е вршена преку програмата АКМИС.

**УПП 423/22- претставка**

Во врска со записникот бр.03-30 од 05.01.2023 година и претставката на адвокат во однос на поднесени барања за изземање на судии од предметот што се води против него во Основниот кривичен суд се констатира дека се донесени решнија СУ.ИЗЗ.бр.26/22 од 30.05 2022 и СУ.ИЗЗ.бр.11/22 од 04.03 2022 година со кои се одбиваат барањата за изземање на судии – претседател на советот – член на советот по предметот К.бр.11/18 и решение СУ.ИЗЗ.бр.74/22 од 12.12 2022 година по барање за изземање на судијата поднесно од адвокатот како полномошник на оштетеонт правно лице кое е отфрлено како недозволено, бидејќи оштетениот во постапката по предметот К.бр.67/19 не бил странка.

**Констатација :** решенијата се донесени согласно со закон и истите се дателно образложени, наводите во претставката во врска со начинот на водење на постапката од страна на судијата е оценето дека е жалбен навод.

**ПРК С 2033/20- претставка УПП 08-99/23**

**Констатација:** Не се утврди дека има пропусти во работата на судијата.

**КПОВ 198/21- долго водење на постапката**

**По предметот не е донесена одлука до 27.07 2023 година, според Контролникот што се води во ССРСМ.**

**Се констатира** дека постапката по барањето за повторување на постапката трае неоправдано долго.

**КПОВ 55/21**

**Констатација:** има различни ставови во врска примена на институтот застареност на гонење во повторената постапка

**К 1407/19 – 6 обвинети**

**Констатација:** изготвувањето на супер вештачењата траело неоправдано долго време иако во истите учествувале повеќе вешти лица кои требало да усогласат термини и мислења , судијата иако праќал редовно ургенции имал можност да уште со втората ургенција да укаже на можноста да се изрече казна, со цел да се забрза постапката.

Во однос на начинот на водење на постапката од страна на судијата и испитувањето на вештите лица, во услови кога постапката се уште е во тек пред првостепениот суд, Судскиот совет не може да се впушти во оценка на законитоста на таквото водење на постапката затоа што може да биде жалбен навод. Истото се однесува и на наводите за стручноста на вештите лица.

Покрај ова, на 19.06 2023 година доставен е поднесок од анонимен подносител во врска со овој предмет кој исто се однесува на начинот за водење на постапката, барање на оценка на постапувањето на судот во врска со содржината на вештачењата и исказите на вештите лица и се бара Судскиот совет да обезбеди правдено судење да ги разгледа записниците и снимките од судењето утврдат направените грешки и утврди кои дозволил ннеисправен автобус да биде пуштен во јавниот сообраќај, кои околности ќе се утврдат во текот на постапката и по нејзино звршување прд првостепениот суд ќе биде предмет на оценка на повисокиот суд.

**Констатирана застареност од АС Скопје**

**1.К 1982/22**

**Констатација :** спорна е примена на институтот застареност по повторување на постапката

**2.Предмет К- 164/20**
**Констатација** : спорна е примената на институтот застареност по повторување на постапката.

**Стари предмети**

1. **К бр 434/21**

**Констатација:** по овој предмет три пати се менувал претседателот на советот, предметот неоправдано долго трае, ЦУ има придонес во врска со траењето на постапката, но има и многу неоправдани одлагања, ненавремено доставување на известувања на странките, два пати бил по жалба во Апелациониот суд и два пати е укинат.

**2. К бр. 3008/11**

**Констатација**: Во предметот нема записник за советување , нема записник за објава , нема пресуда , побарано да се провери во писарница дали има други списи кои не се дадени на увид од овој предмет, Судијата, за време на увидот, изветила кај службите дека се е донесено од предметот на увид. Од Акмис проверемо и земен записник од 06.04 2022 кој не е верифициран, во системот, нема одлука исто така .Според контролникот и на 01.06 2023 година не е изготвена одлука.

Има многу неоправдани одлагања, нема констатација дали отсуството на Јавниот обвинител или некои од бранителите е оправдано или не , постапката неоправдано многу долго трае .

Побарана е изјава од судијата во врска со постапувањето по овој предмет со описмо од 12.04 2023 година, на што на 14.06 2023 година е доставена изјава според која кога отсуствувал јавниот обвинител или отсуството било оправдано или пак неговото отсуство не била единствена причина за одлагање на рочиштете и сметала дека однесувањето на јавниот обвинител е во границите на разумно однесување и не е насочено кон одолговлекување на постапката. Времето на завршување на рочиштата не било внесувано бидејќи по стариот ЗКП тоа не бил задолжителен елемент на записникот за главен претрес. Записникот за објавување на пресудата и записникот за советување и гласање, технички ги изготвувавале по писмено изготвување на пресудата. Пресудата ја изготвила со задоцнивање бидејќи била на боледување од 03.01 2022 до 28.01 2022 година, и оставанале назавршени предмети , имала редовни судење , голем број на предмети кои ги примала во работа меѓу кои и поголем број притворски предмети, сложени и медиумски експонирани предмети, поголем број на стари сложени предмети кои

требало да се пишуваат и посотела објективна непоможност навреме да се изготват одлуките. Покрај сето тоа, учествувала во севет од пет члена, член е на совет за оценка на обвинителен акт , ментор во Академијата за судии и јавни обвинители, член е кривичниот совет во одделот за малолетници, што сето придонесло да се задоцни со изготвување на одлуката.

Од увид во контролникот што се води во ССРСМ , произлегува дека во меѓувреме е внесено дека пресудата била објавена 06.04 2022 година, а завршна одлука е евидентирана на 27.05 2023 година

**4. К бр. 3662/11**

.**Констатција:** Водењето на постапка е неорганизирано, неоправдано многу долго трае и рочиштата се закажувани без план .

Членот на Советот **Мирјана Радевска Стефковска**, како член на работната група, изврши увид во следните предмети :

1. КОК.бр.169/22 од застарени предмети

.

**Констатација:** Од водењето на постапката не може да се утврди непотребно одолговлекување на постапката.

2. **КОК-КР 340/20** проверка по основана претставка

**Констатација:**Во однос на одлучувањето за запленетите парични средства, по предметот КОК-КР 340/20, на кој ми престана функцијата поради смрт на 05.02.2023 година, констатирано е дека на денот на вршењето на контролата 03.04.2023 година не е доставена одлука за прераспределба на предметот, за што не постојат оправдани причини.

3. **К.бр.948/22** застарени предмети

.

**Констатација:** причина за настапување на апсолутна застареност е долгото траење на постапката пред Обвинителството, односно пред да биде поднесен предлог за издавање на казнен налог до судот на 21.04.2022 година, со оглед што кривичната пријава е од 28.11.2018 година.

4. **К.бр.615/22** - застарени предмети

**Констатација:** причина за настапување на апсолутна застареност е долгото траење на истата пред Обвинителството, односно пред да биде поднесен предлог за издавање на казнен налог до судот.

5. **К.бр.592/22,**повторување на постапка. Кбр.1145/17 од застарени предмети

**Констатација:** Со решението КПОВ-35/22 од 25.02.2022 со кое се дозволува повторување на постапка и се запира извршување на казна затвор, со оглед што обвинетиот бил спроведен во затвор со негова екстрадиција, требало да биде обезбедено негово присуство со изречени мерки за обезбедување. Спорно е прашањето и за течење на застареноста по донесена правосилна пресуда.

6. **К.бр.377/22** повторување Кбр.1533/21 од застарени предмети

**Констатација:** Спорно е прашањето за течење на застареноста по донесена правосилна пресуда.

7. **К.бр.1271/16**- застарени предмети

**Констатација :** постапката е непотребно одолговлекувана, се работи за обвинителен предлог, се води скратена постапка, а одлагани многу рочишта за главна расправа поради отсуство на бранител, ангажиран по друг предмет.

8.**К.бр.1324/21**- застарени предмети

**Констатација:** причина за настапување на апсолутна застареност е долгото траење на истата пред Обвинителството, односно пред да биде поднесен предлог за издавање на казнен налог до судот.

9.**К.бр.391/22**- застарени предмети

.

**Констатација:** причина за настапување на апсолутна застареност е долгото траење на истата пред Обвинителството, односно пред да биде поднесен предлог за издавање на казнен налог до судот.

10. **К.бр.2987/20** - констатирана застареност од Апелационен суд

.

**Констатација:**Може да се констатира дека причина за настапување на апсолутна застареност е долгото траење на истата пред Обвинителството, како и траење на постапка пред второстепен суд.

11. **К.бр.1727/18**- констатирана застареност од Апелационен суд

.**Констатација:** застареноста настапила пред да се поднесе БЗЗ и пред ВСРСМ да одлучи по БЗЗ.

**Стари предмети**

1. **К.бр.1988/15**

**Констатација:** По предметот е одржана главна расправа на 5 рочишта, 28 рочишта одложени поради отсуство на обвинети или бранители, а 16 рочишта биле одложени затоа што не бил присатен јавниот обвинител. Постапката отпочнала по обвинителен предлог поднесен на 24.6.2015 година, по кој согласно ЗКП се води скратена постапка,а во изминатиот период не е донесена одлука.

2. **К.бр.3542/07**

.

**Констатција:** се работи за повторување на постапката за вториот обвинет од 2020 година

3. **К.бр.3459/15 и 2088/19**

**Констатација:**По предметот, до вршење на работната посета, одржан е главен претрес на 2 рочишта, 21 рочиште е одложено поради отсуство на обвинети или бранители, а 20 рочишта биле одложени затоа што не бил присатен јавниот обвинител.Претседателот на советот е седум пати менувам. Постапката отпочнала по обвинителен акт поднесен на 26.11.2015, а во изминатиот период не е донесена одлука.

4. **К.бр.1913/15 -**

.

**Констатација:**Постапката отпочнала по обвинителен предлог поднесен на 16.06.2015, а во изминатиот период прв пат е донесена одлука на1.11.2022 година.

5. **К.бр.445/18**

**Констатација :**Да се побара изјава од судијата Славица Андреевска, во однос на долгиот период за изготвување на пресудата.

6. **КОК бр.77/21**

Членот на Советот, **Ханиф Зендели**, како член на работната група, изврши увид во следните предмети :

**1. Кбр.-414/22 врска предмет К.бр.635/20 – стар предмет**

Предметот **Кбр.-414/22**

Со решение од 04.04.2022 година се запира кривичната постапка поведена пред Основиниот кривичен суд Скопје по обвинителниот предлог КО.бр.2055/19 од 04.03.2020 година, за кривично дело Загрозување на безбедноста во собраќајот од чл.297 ст.3 в.в. со ст.1 од КЗ, поради апсолутна застареност на кривичното гонење, сметајќи дека се исполнети законските услови за истото. Истиот предмет е поднесен од ОЈО Скопје 8 месеци пред истиот да настапи апсолутна застареност на кривичното гонење.

**1. Кбр.-391/22 - застарен**

Предметот **Кбр.-391/22**

рокот за застареност настапува на ден 21.06.2021 година, **предметот од кога е доставен до судот веќе бил застарен**.

**2. Кбр.-1954/22 – застарен**

Предметот **Кбр.-1954/22**

судот ги презел сите неопходни мерки но предметот бил **поднесен во судот два месец пред да настапи апсолутно застареност на кривичното гонење.**

**4 Кбр.-1890/22 врска со предмет К.бр.582/21 – застарен**

Предметот **Кбр.-1890/22**

По однос на овој предмет **до застарување настанало поради вина на не постапување на други државни органи бидејќи предметот поднесен од ОЈО Скопје на ден 03.03.2021 година веќе било настапено застареноста на кривичното гонење по однос на наведеното кривично дело за обвинетиот Енвер Смајовиќ од Скопје.**

3. **Кбр.-3079/20 –застарен**

Предметот **Кбр.-3079/20**

По однос на истиот предмет треба да се напомене дека предметот кога **е поднесен во судот веќе настапило апсолутна застареност, и тоа на ден 11.09.2019 година, додека ОЈО Скопје поднел предлог на ден 24.11.2020** година, веќе една година од кога настапило застареноста на кривичното гонење.

4. **К.бр.1974/15- застарен**

Предметот К.бр.1974/15

на ден 26.01.2022 година судот по службена должност носи решение и ја запира кривичната постапка против обвинетата, бидејќи настапило апсолутна застареност на кривичното гонење.

На ден 03.02.2022 година од страна на ОЈО Скопје, против истото решение е поднесено жалба до Апелационен суд Скопје, истиот суд со решение КЖ.бр.364/22 од 29.06.2022 година решението на Основниот кривичен суд К.бр.364/22 го потврдува.

5. **К.бр.789/14 –стар предмет**

Предметот **Кбр.-789/14** Предметот е воден по стар ЗКП, по истиот предмет судот закажал 51 главни претреси и тоа прва од 08.05.2014 година и последна на ден 28.12.2022 година каде го **завршува предметот и закажува објава на одлука за ден 30.12.2022 година, каде во предметот од наведениот датум од страна на судот не е преземено ни едно дејствије, истот може да се констатира и од извадокот од АКМИС програмата кој се однесува за истиот предмет.**

6. **К.бр.1974/15 – стар предмет**

Предметот **Кбр.1974/15**, последен закажан термин за одржување на главен претрес е 11.05.2023 година, предметот се уште во постапка.

7. **К.бр.2523/16 врска со предмет К.бр.1617/16 – стар предмет**

Предметот **Кбр.-2523/16**

Предметот е одложен неколку пати поради немање уредна покана за обвинетиот а истот така од причини што се водело и друга постапка по службена должност предметот е **одложен за неопределено време од 14.03.2018 година и од тогаш не е**

**преземено ниедно дејство од страна на судот, предметот е се уште во тек, истото може да се констатира и од извадокот од АКМИС програмата кој се однесува за истиот предмет.**

Членот на Советот, **Сашко Горгиев** изврши увид во следните предмети:

1. **К бр.209/13** се констатира дека **придонес за повеќевременско одлагање на рочиштата е поради не јавување на јавниот обвинител на закажаните рочишта иако уредно поканет кое нешто е констатирано на самите записници.**

2. **К бр.806/10**

**Констатација** : за период **од 17.12.2021 година кога била завршена кривичната постапка со дадени завршни зборови па се до моментот на вршењето на контролата месец април 2023 година кога сеуште не е изготвена писмено пресуда ниту постои писмен акт дека е објавена за период од околу 1 година и 3 месеци** апсолутно е неоправдано и недозволиво да за толкав период не се објави и изготви во писмена форма пресудата.

Според Контролникот што се води во ССРСМ одлука е верифицирана на 09.05 2023.

**3. К.бр.889/17**

**Констатација:** во овој случај било одложувано рочиштето во повеќе наврати, а со оглед дека станува збор за обвинителен предлог како скратена постапка од ЗКП судењата кои се одлагале можеле да се одржуваат и во отсуство на некој од обвинетите уредно поканети кога биле недостапни, а воедно е контатирано дека во повеќе наврати до одлагање доаѓало поради неприсуство на јавниот обвинител, кое присуство е нужно за одржување на расправата.

**4. К.бр.1907/21,** во жалбена постапка настапила застареноста со констатација дека **премногу доцна е поднесено обвинение од ОЈО Скопје,** а од страна на судот било постапувано благовремено.

**5 К.бр.2065/22**, во жалбена постапка е констатирана застареност бидејќи станува збор за кривично дело и настан од 2018

година, така што и во конкрентиот случај е констатирано дека судот постапувал благовремено.

**Заклучоци:**

1. На седница на судии во Основниот кривичен суд, судиите да се известат за констатираните неправнилности и посебно да се обрне внимание на постапување согласно со ЗКП во врска со неоправдани отсуства на странки, бранител,вешти лица, констатирање на записниците на времето на завршување на рочиштата и состанок со записничиите и истите да се задолжат да почитуваат обврската: редовно да го констатираат реалното време кога започнало и завршило рочиштетото што е особено важно во врска со примена на Адвокатската тарифиа и точно определување на надоместоците на адвокатите.
2. Да се побарат изјави до судиите за кои е утврдено дека постапките ноеправдано долго трајат или одуките се изготвени со големо пречокорување на законските рокови
3. Во Основниот кривичен суд и во Апелациониот суд Скопје констатирана е пракса на запирање на кривичната постапка со решение или носење пресуда со која обвиненените се одбива поради настапена апсолутна застереност на кривичното гонење во постапка повторена, по поднесен вонреден правен лек по правосилност на пресудата кога на обвинетиот му е судено во отсуство поради недостапност на државните одгани, односно поради бегство, што е спротивно на суштината на институтот застареност на кривичното гонење во казненото право.

   Ова, посебно што гонењето е завршено со носење на правосилната пресуда,а повторувањето се дозволова со цел, единствено, обвинетиот да има можност да ги спротивстави своите аргументи и докази во врска со донесената пресуда, а пресудата може целосно да остане во сила, делумно да се стави вон сила , или целосно да се стави вон сила, но не поради апсолутна застареност на кривичното гонење затоа што тоа завршило кога е донесена правосилната пресуда. Уште повеќе нема правна логика, да се донесе решение за повторување на постаката поради тоа што обвинетиот му било судено во отсуство,дури и поради бекство ,а судијата, односно претседателот на советот не ни закажува главна расправа, односно главен претрес согласно со стариот ЗКП, туку самиот донесува решение за запирање на постапката поради

настапена апсолутна застареност на кривичното гонење. На овој начин се злоупотребува правото на повторување на постапката кога некој е суден во отсуство , и осудениот кој за да го избегне гонењето се дал во бекство, веднаш по пресметување на истекот на рокот за застареност, иако веќе гонењето е завршено со правосилна осуда, осудениот се враќа во државата и како награда за тоа добива целосно ослободување, надоместување на трошоците, оштетенит да не може да ги наплати трошоците на постапката, а додека важеше стариот ЗКП дури и обвинетиот со стекнатиот имот од извршеното кривично дело да може непречено да располага и државата да му исплаќа надомест за евентуална штета на имотот или поради ограничување на одредени права.

Имајќи во вид значењето на институтот повторување на постапката, како вонреден правен лек, посебно во случај кога на осудениот му е судено во отсуство, дека со повторување на постаката му се овозможува правото на одбрана, дека веќе постои пресуда која е правосилна и со тоа гонењето е завршено, а на осудениот му се овозможува во повторената постапка да даде своја одбрана и во рамките на таа одбрана да се преиспита веќе донесената пресуда дали ќе остане во сила или делумно ќе се стави или целосно вон сила. Понатаму, имајќи во вид тоа што и Законот за кривична постапка предвидел во член 351 став 2 дека барање за повторување на кривичната постака може да се поднесе и откако осудениот ја издржал казната, без оглед на застареност, амнестија или помилување, прашање е која е логиката на повторување на постапката ако , се утврдува застареност на гонењето, во повторената постапка и всушност не се решава за околностите поради кои постапката е повторена, што исто упатува на тоа да целта на повторувањето на постапката е решавање за настанот дали кај осудениот постоела вина или не ,а примената на институтот за стареност на гонењето е несоодветен во ваков случај. Треба да се имаат во вид и правните последици во случај на повторување на постапката и носење на одлука со која се утврдува застареност на кривично гонење, кога не е се утврдува дали правосилната пресуда останува во сила или не, со сите правни послединици што таа ги предизвникала, што секако не е интенција на законот во врска со овој институт .

Покрај ова, постои мислење на теоретичари кои ја исклучуваат промената на 1960), односно примената на одредбите за застареност на кривичното институтот застареност во повторената постапка (пример Тихомир Васиљевиќ Коментар Закона од кривичном поступку 1995 и претходни изданија) дека, повтувањето

на постапката во корист на обвинетиот течи без обзир на застереноста на кривичното гонење, во спротивно целата постапка за повторување ја губи суштината, бидејќи во суштина, предметот би останал нерасправен (ВСС Кж 2959/60 од 22. 12 гонење, ако во меѓувреме застареноста напстапила, односно донесување на пресуда со која обвинението се одбива, во оваа постапка не доаѓа во обзир. По својата природа оваа постапка не претставува кривично гонење(тоа завршило со донесување на правосилна пресуда) туку се води по барање на осудениот заради испитување на правилноста на претходната пресуда и тоа само во корист на осудениот. И правото повторување на постапката во корист на обвинетиот е можно после настапување на застареноста. Во оваа смисла е и заклучокот на Советувањето на кривичните оддели на Сојузниот суд и врховните судови од 26. 03 1985 година.
Поради ова потребно е да се иницира пред Врховниот суд на Република расправа на Општа седница со цел да се даде начелно правно мислење кое судовите ќе го почитуваат до внесување на изрична забрана во текстот на ЗКП.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** го стави на гласање Извештајот од работна посетана Основен кривичен суд Скопје со забелешките изнесени на самата седница. По гласањето констатира дека со 11 гласа ,,За" и ниту еден,, Против" е прифатен и усвоен записникот во однос на Извештајот за извршената контрола од страна на колегите како комисија на Основен кривичен суд Скопје.

## Точка 5

Расправа по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите, поднесени до Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа:Упп бр.08-171/23, 217/23, 225/23, 247/23, 269/23;Упп бр. 08-148/23, 216/23, 232/23;Упп бр.08-9/23, 95/23, 107/23, 119/23, 137/23, 141/23, 163/23, 183/23, 199/23, 208/23;Упп бр.08-145/23, 200/23, 207/23, 210/23, 215/23, 230/23, 246/23, 254/23, 264/23, 274/23;Упп бр.08-94/23, 08-209/23, 233/23, 241/23;Упп бр.08-17/23, 162/23, 213/23, 257/23, 263/23 иУпп бр.08-198/23, 204/23, 226/23, 237/23, 08-251/23, 255/23.

Претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Мери Радевска по однос на претставкитеУпп бр.08-171/23, 217/23, 225/23, 247/23, 269/23;

Членот на Советот **- Мери Радевска**по однос на **Претставка УПП.бр.171/22 од 24.04.2023 година** наведе дека во истата не се

изнесени нови околности од веќе изнесените во претходно поднесени претставки до Советот од истиот подносител, заведени под број УПП бр.08-216/21 од 22.03.2021 година, УПП-355/22 од 12.10.2022 година и УПП-34/23 од 25.01.2023 години која била разгледани на седници на Советот и оценети како неосновани и претставки по кои веќе е постапувано, а подносителот бил известен.Согласно член 11 од Законот за постапување по предлози и претставки Советот оцени по оваа претставка да не постапува и истата да се архивира.

**Претставка УПП.бр.247/22 од 06.07.2023 година** - не се изнесени нови околности од веќе изнесените во претходно поднесената претставка до Советот од истиот подносител, заведена под број УПП бр.08-69/23 од 15.02.2023 година која била разгледана на одржана седница на Советот на 09.05.2023 година и оценета како неоснована за подносителот бил известен.Согласно член 11 од Законот за постапување по предлози и претставки Советот оцени по оваа претставка да не постапува и истата да се архивира.

**Претставка УПП.бр.269/22 од 27.07.2023 година** - во истата не се изнесени нови околности од веќе изнесените во претходно поднесената претставка до Советот од истиот подносител, заведена под број УПП бр.08-192/23 од 09.05.2023 година која била разгледана на одржана седница на Советот на 29.06.2023 година и оценета како неоснована за подносителот бил известен.Согласно член 11 од Законот за постапување по предлози и претставки Советот оцени по оваа претставка да не постапува и истата да се архивира.

**Претставка УПП.бр.217/23 од 09.06.2023 година** во која подносителот се јавува во својство на тужител во предметот Ро-35/21 кој се водел пред Основен граѓански суд Скопје. Имено претставката е поднесена во врска со горенаведеното првостепено решение, како и против правосилното решение на Апелационен суд Скопје РОЖ-855/21, за поништување на Решение бр.04-054129/20-0002 од 08.10.2020 година. Бара ревизија од Советот по однос на решенијата од првостепениот и второстепениот суд.Советот најде дека Апелационен суд Скопје за поништување на решение со вредност на спор 40.000,00 денари, постапувајќи по жалба на тужителот-подносител на претставка донел решение РОЖ-855/21 од 02.02.2022 година со кое жалбара ја одбил како неоснована, а првостепеното

решение на Основен граѓански суд Скопје РО-35/21 од 29.01.2021 година го потврдил . Во образложението се наведени релевантните факти од кои се водел второстепениот суд при одлучувањето.Наводите изнесени во претставката претставуваат жалбени наводи по кои веќе е постапено од страна на надлежен второстепен суд, а Советот не е надлежен да постапува истите, а надлежен суд да одлучува по евентуално изјавена ревизија е Врховниот суд на Република Северна Македонија во случаи предвидени во закон.

**Претставка УПП.бр.225/23 од 19.06.2023 година** во која подносителот изразува како што е наведено во претставката сомневање на работата на Основен суд Гостивар по предметот МАЛП-101/22, а по однос на претседателот на судот и судечкиот судија по предметот. Наведува дека и покрај тоа што е со нарушено здравје, лекарски документи за инвалидитет и прави трошоци за да пристигне на рочиштата од Швајцарија истите се одлагаат неоправдано. Видно од доставените списи-докази во прилог на претставката побарано е и изземање на судечкиот судија по предметот, коа барање претседателот на Основен суд Гостивар со решение СУ ИЗЗ-35/22 од 26.09.2022 година го одбил како неосновано.Видно од записниците доставени во прилог на претставката може да се заклучи дека тужителот упатил непримерни зборови кон судијата и бил отстранет од судницата.Во делот на наводите дека неоправдано се одлагани расправите, Советот нема надлежност да интервенира, а воедно и согласно наводите во претставката, како и доставените докази не може јасно да произлезе дека истите се основани, а судијата навремено и законски ги преземал сите потребни дејствија.Се укажува на подносителот да го сочека исходот од првостепената одлука.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на Мери Радевска  и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За“, е усвоен предлогот.

**Претседателот на Советот Сашко Георгиев** му даде збор на м-рИвица Николовски член на Советот по однос на претставките Упп бр. 08-148/23, 216/23, 232/23;

Членот на советот- **м-р Ивица Николовски** по **Претставка УПП бр.08-143/23**наведе дека во врска со добиен одговор од Советот по претходна претставка која се однесува на постапување на судии на Апелациониот суд Скопје по предметот ГЖ-4352/21. По претходна претставка Советот расправал на седницата одржана на ден 23.02.2023 година година и го известил подносителот дека наводите се неосновани.Со оглед да во преставката УПП бр.08-143/23 не се изнесени нови наводи и факти согласно на член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози ("Службен весник на Република Македонија" бр.82/08, 13/13, 156/15 и 193/15) Советот одлучи претставката да се затвори со службена белешка и да се архивира.

**Претставка УПП бр.08-216/23** насловена како ургенција по поднесена претставка од 21.03.2023 година против претседател на Основен суд Гостивар кој со решение СУ.бр.1/22 одлучил за изземање на судија по предмет К-28/22. На ден 19.03.2023година поднел и барање за утврдување на одговорност за злоупотреба на АКМИС а за кое нема информација дали е поведена постапка и до каде е предметот.По наводите од претставката заведена под УПП бр.08-237/22 од 02.06.2022 година Советот расправал на седницата одржана на 20.12.2022 година и го известил подносителот дека претставката е основана и проследена на Координаторот за следење на работата на овој суд . По поднесеното барање за утврдување на одговорност од 19.03.2023 година во Судскиот совет е оформен предмет по кој одлучува Комисија на известители формирана на седницата на Советот од 10.05.2023година. Предметот е во фаза на одлучување согласно членот 63 став 4 од Законот за Судскиот совет на РСМ, а за исходот и донесената одлука, Комисијата на известители ќе го извести подносителот на барањето.

**Претставка УПП бр.08-232/23** препратена од Министерството за правда и од Државната комисија за спречување на корупција, подносителот изразува незадоволство од постапување на судија на Основен суд Охрид по предметот П1-123/18 .Советот по спроведени извиди и од увид во списите кон претставката најде дека предметот пред Основен суд Охрид е оформен во 2018 година и по истиот донесена е пресуда П1-123/18 на 28.03.2023 година со која тужбеното барање на тужителката се одбива како неосновано. По предметот постапувал судија на кого поради исполнување на услови за старосна пензија Судскиот совет му утврдил престанок на судиската функција на ден 15.06.2023 година .Од увид во Контролникот за работа на судовите во електронското досие за конкретниот предмет се утврди дека на 10.05.2023 година

тужителката -подносител на претстваката има изјавено жалба. Предметот на ден 13.06.2023 година е испратен во Апелациониот суд Битола па изнесените наводи во претставката како жалбени наводи ќе бидат предмет на разгледување, анализа, оценување и одлучување од страна на Апелациониот суд Битола кој како непосредно повисок суд во жалбената постапка е надлежен да ја испитува законитоста на судската одлука, па врз основа на констатациите истата да ја потврди, укине или преиначи, се со цел за донесување на законита одлука.
Претседателот на Советот отвори расправа и констатира дека никој не се јави за збор.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на Ивица Николовски и по гласањето констатира дека со 11 гласа „За", е усвоен предлогот.

Претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот Мирсад Суроји по однос на претставкитеУпп бр.08-9/23, 95/23, 107/23, 119/23, 137/23, 141/23, 163/23, 183/23, 199/23, 208/23;

**Членот на Советот- Мирсад Суроји** по **Претставка бр. УПП-95/23** наведе дека подносителот во претставката наведува дека бара да се поведе дисциплинска постапка против судијата од Основен суд Тетово, поради оддолговлекување на постапката по предметот ПРК-С.бр.284/19, заради пречекорување на законските рокови и настапување на апсолутна застареност.Во конкретниот случај претставката е основана, но со оглед дека се работи за судија кој веќе не е активен односно истиот е пензиониран поради исполнување на услови за старосна пензија, не може да се преземат дејствија од страна на Советот согласно Законот за судовите и Законот за Судскиот совет на РСМ.

**Претставка бр. УПП-107/23 -** Подносителотнаведува дека за година и половина биле закажани 3 рочишта и тоа на 6 месеци за на крај постапката заврши во корист на тужената страна, дека жалбата на првостепенате пресуда била поднесена во февруари 2022 година а во АС Скопје била пратена на 13.06.2022 година, после 5 месеци. Наведува дека при носењето на одлуката сторени се суштествени повреди, погрешно била утврдена фактичката состојба и повреден бил кривичниот законик. Понатаму наведува дека адвокатот на обвинетит бил поранешен адвокат во ОС Велес и бивши колеги со судијата и дека на рочиштата се поздравувале срдечно и биле крајно тендециозно настроени према него и дека синот на адвокатот бил

другар со синот на судијата..Заради проверка на наводите побарано е  писмено известување од судијата. Наводите за сторени суштествени повреди, погрешно утврдена фактичката состојба и повреда на кривичниот законик, се жалбени наводи кои биле ценети од страна на АС Скопје кој ја потврдил првостепената пресуда. Непочитувањето на законските рокови од страна на судијата во поглед на закажување на рочиштата и другите рокови предвидени во ЗПП ќе бидат земени во предвид при оценувањето на судијата. Наводите за пристрасно постапување на судијата се паушални и непоткрепени со докази, дотолку повеќе што судијата во своето известивање наведува дека одлучувала непристрасно  и врз основа на доказите.

**Претставка бр. УПП-119/23 -** Подносителот изразува незадоволство од работењето на Основен суд Битола,  и бара Судскиот совет да побара од Основниот суд Битола да и ги достави доказите  во предметот РО.бр.6/2019 по предметот  К.бр.28/2023- изјава од вработен и скенови од АКМИС системот, заради утврдување на фактичката состоба попредметот К.бр.28/23 на ОС Прилеп. Заради проверка на наводите во претставката побарано е известување од ОС Битола и ОС Прилеп. Основниот суд Битола во своето известување наведува дека за предметот РО.бр.6/19 за кој се водела кривична постапка, се што било побарано досега било дадено. По однос на предметот К.бр.7/21 заведен под нов К.бр.28/23 на Основниот суд Прилеп, судијата кој постапува извести дека на ден 30.06.2023 година расправата завршила и дека предметот бил во фаза на пишување на одлука. Во своето известување напоменува дека ОЈО Битола на ден 12.08.2021 година го известил судот дека подносителката на претставката  нема својство на оштетен во овој предмет, за да на ден 20.09.2021 година предложи Анита Галевски да има својство на оштетена во предметот. Имајќи го наведеното предложи претставката да се одбие како неоснована.

**Претставка УПП бр.08-137/23-** Подносителот изразува незадоволство од постапување на судија од Основен граѓански суд Скопје најпрвин се огласил за ненадлежен дека се работи за управна материја, АС Гостивар по жалба го вратил на повторно одлучување, судијата закажал подготвително рочиште но одржал главна расправа, за повлекување побарал согласност од тужениот спротивно на одредбите од ЗПП, на записникот стоело името на друг судија, на доставен трошковник побарала обрсзложение и донела решение за трошоци секој своите трошоци да ги сноси иако иако не станувало збор за спогодба.Заради проверка на наводите во

претставката побарана е изјава од судија. Во конкретниот случај од изјавата на судијата се утврди дека предметот П1.бр.509/22 на ден 18.04.2023 година е пратен во АС Гостивар заради постапување по жалба. Имајќи ги во предвид наводите изнесени вопретставката, се утврди дека истите претставуваат жалбени наводи кои ќе бидат предмет на оценка од страна на повисокиот суд, бидејќи согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, а согласно чл.11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.Наводите дека судијата постапувал пристрасно и дека го фаворизирал тужениот се неосновани од причина што истите се паушални и непоткрепени со докази.

**Претставката УПП.бр 08-141/23 -** До Судскиот совет на Република Северна Македонија, со претставка од 05.04.2023 година повторно се обрати подносителот бидејќи е незадоволен од известувањето доставено од заменик претседателот на Советот – во прилог доставени поднесоци од 10.05.2022 година, 13.10.2022 година и 24.01.2023 година. Незадоволството се однесувало на пресуда П4-101/14 од 03.05.2018 година, потврдена со пресуда ГЖ.бр.3284/18 од 31.10.2018 година и Рев2.бр.243/19 од 29.06.2020 година,која е одбиена. Советот ја разгледа претставката на седницата одржана на ден 30.08.2023 година и по расправата констатира дека по претставки, за исти факти и околности, заведена под УПП.бр.08-43/23 и УПП.бр.369/22, Советотпостапувал и расправал на седницата.Во конкретниот случај, од причини што во претставката УПП. 08-141/23 од 05.04.2023 година не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување во смисла на чл. 11 од Законот за постапување по претставки и предлози(“Сл. весник на РМ” бр.82 од 8 јули 2008 год.), а за што впрочем на подносителот по претставката му било одговорено со известување, најсоодветно е предметот да се архивира.

**Претставка УПП-163/23 -** Подносителот изразува незадоволство од работењето на Апелационен суд Скопје, по предметите КЖ.бр.962/22 и КЖ.бр.690/20. Во претставката се наведува дека судијата потврдила пресуда на млад и неискусен

првостепен судија и затоа Врховниот суд ја укиналвторостепената пресуда и дал напатствија да одржи јавна седница пред второстепениот суд. Понатаму се наведува дека судијата била пристрасна и дека при повторното судење е донесена иста пресуда како онаа што била укината од Врховниот суд, па судијата правела исправка на истата и дека не добил записник. Бара да се поведе дисциплинска постапка и да се разреши судијата.Заради проверка на наводите побарано е писмено известување од судија.Во своето известување судијата наведува дека наводите за тенденциозно постапување по предметот се неосновани паушални и спротивни на списите содржани во предметот.Предложи претставката да се одбие како неоснована бидејќи во конкретниот случај незадоволството се однесува на донесена одлука, како и поради фактот што наводите во претставката не се поткрепени со докази.Согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, а согласно чл.11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

**Претставка УПП.бр.183/2023 -** Подносителотизразува незадоволство од работењето на Основниот кривичен суд Скопје, бидејќи предлог за враќање на одземени предмети бил поднесен на ден 24.11.2021 година, но до поднесување на претставката не било одлучено. Заради проверка на наводите побарано е известување од судијата.Од одговорот на судијата се утврди дека претходниот судија кој постапувал по предметот на ден 30.11.2021 година донел решение за запирање на постапката против обвинетиот бидејќи починал, а постапката продолжила за другите двјаца обвинети. Предметот го примила на ден 09.09.2022 година. Во меѓувреме од страна на бранителот на обвинет бил поднесен предлог за враќање на привремено одземените предмети. Постапувајќи по барањето судот на ден 04.04.2023 година до подносителот доставил одговор дека иако постапката е запрена против обвинетиот, против другите двајца обвинети постапката е во тек, а привремено одземените предмети ( три мобилни телефони) биле предложени како доказ и против другите двајца обвинети, поради што истите не може да бидат вратени. По однос на привремено одземените предмети судијата ќе одлучи заедно со мериторната одлука, кога ќе заврши постапката за

другите двајца обвинети.Имајќи го предвид наведеното предложи претставката да се одбие како неоснована.

**Претставка бр. УПП-199/2023 -** Подносителите во претставката изразуваат незадоволство од постапувањето на Вишиот управен суд УЖ1.бр.473/22 од 09.03.2023 година, бидејќи уназад 19 години Управниот суд и Вишиот управен суд ги поништувале решенијата на Комисијата за денационализација со укажувања дека при донесување на одлуката Комисијата треба да го има предвид фактот чија била сопственоста на катастарските парцели во моментот на бесправното одземање, за да на крај судот го озакони решението на комисијата со кое била утврдена погрешна сопственост на катастарските парцели во моментот на бесправното одземање и бараат Судскиот совет согласни ингеренциите да ја преиспита исправноста на пресудата на Вишиот управен суд. Имајќи во предвид дека во конкретниот случај се изразува незадоволство од донесена одлука предложи претставката да се одбие како неоснована. Од причина што, согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, а согласно чл.11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

**Претставка УПП-208/23 -** Подносителот во претставката изразува незадоволство од работењето на судии од Апелациониот суд Битола, бидејќи во договорот за жалба поднесен на ден 08.03.2023 година било истакнато барање за изземање на Советот кој постапувал по предметот и не побарале изјаснување по барањето од претседателот на судот и донеле одлука на начин што решението со кое се дозволува привремената мерка го преиначиле. Заради проверка на наводите во претставката побарано е известување од судиите. Од одговорот се утврди дека наводите во претставката **се основани** од следните причини. Судиите во одговорот наведуваат дека судијата бил известител по предметот ГЖ.бр.183/23 и ГЖ.бр.369/23 и дека на седницата на советот одржана на ден 14.03.2023 година, колегата кој бил пред пензионирање и воедно судија известител, не спомнал дека има пречка за постапување по предметот и не ги известил дека било поднесено барање за изземање на целиот совет. Судијата наведува

дека на ден 09.06.2023 година, го примила во работа предметот ГЖ.бр.858/23 со ознака итен и на 12.06.2023 година го зела во работа и тогаш забележала дека во одговорот на жалбата било истакнато барање за изземање на советот за што веднаш сочинила службена белешка на ден13.06.2023 година. Додека судијата за ова околност дознал од судијата на ден 13.06.2023 година. По дознавањето на ова околност судиите поднеле изјави до претседателот на судот и сметаат дека не постапиле спротивно на член 65 од ЗПП, бидејќи овој член се однесувал на изземањата поради причините од член 64 точките од 1 до 5, а подносителот поднел барање за изземање поради член 64 точката 6 од ЗПП.Предложи претставкаатда с едосатви до координанторот на АС Битола.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на Мирсад Сурои и по гласањето констатира дека со 10 гласа „За", е усвоен предлогот.Констатира дека Селим Адеми е отсутен за гласањето.

Претседателот на Советот му даде збор на членот на Советот- Весна Дамева по однос на претставкитеУпп бр.08-145/23, 200/23, 207/23, 210/23, 215/23, 230/23, 246/23, 254/23, 264/23, 274/23;

**Членот на Советот- Весна Дамева** по однос на**Претставка УПП бр.08-145/23** истакна декаПодносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судија од Основен граѓански суд Скопје по предметот П1.бр.22/17 и од постапувањето на судиите во АС Скопје по предметот ГЖ.бр.3355/21.Наведува дека предметот се водел долг период од 2015 година. Судот при одмерување на вредноста на спорот не ги зел во предвид решенијата на градот Скопје туку го прифатил предлогот на тужителите кој бил премногу ниско определен со цел да му се скрати правото на ревизија. Судот извел како доказ вештачење кое не било доставено со тужбата, тужителите доставиле вештачење за друг предмет и закажал увид на лице место со вештото лице. Со тужбата не бил доставен доказ дека тужителите се активно легитимирани, односно дека се наследници на покојната. Предоговорот не можел да биде основ за стекнување со сопственост кој бил склучен со мајката на тужителките и не им била исплатена купопродажната цена. Апелациониот суд не утврдил дека против подносителот со ист основ имале поднесено поднесено и повлечено други две тужби и дека станувало збор за сосема нова тужба која не била во врска сопретходно поднесените и повлечени тужби. Спроведени се извиди во рамките на законските надлежности и прибавена е изјава од судијата на Основен граѓански суд Скопје и

судиите на АС Скопје. Од известувањето се утврди дека судијата во прв степен во континиутет преземал процесни дејствија, два пати по жалба одлучувал Апелационито суд Скопје, еднаш го укинал решението со кое тужбата се сметала за повлечена, и вториот пат ја потврдил првостепената пресуда и нема оддолговлекување на постапката поради субјективни причини. Согласно задолжувањето на второстепениот суд полномошникот на тужителките на записник од 12.07.2018 година ја уредиле вредноста на спорот и доплатиле такса. Доколку била ниско определена вредноста на спорот, согласно член 33 став 3 од ЗПП најдоцна до закажување на подготвителната расправа сте можеле да приговарате на утврдената вредност. Во конкретниот случај постоел склучен и целосно реализиран преддоговор за купопродажба на недвижен имот. Имено, во периодот од 2007 и 2013 година била водена постапка П.бр.10206/07 помеѓу истите странки, за ист правен основ и со иста вредност на спорот а предметната парнична постапа П1.бр.22/17 била фактички произлезена од постапката П.бр.10206/07. Второстепениот суд согласно ЗПП има право да даде можност за вонреден правен лек и покрај вредноста на спорот доколку е ограничено правото на ревизија. Судот прифатил изведување на доказ со увид на лице место во присуство на вешто лице геодет единствено заради идентификација на парцелата, а полномошниците на тужените на записник од 02.04.2019 година, прифатиле судот да изведе доказ со увид на лице место со вештото лице, а потоа тужените истакнале приговори и судот по истите дозволил вештото лице да се произнесе. Жалбените наводи со кои се побивала првостепената пресуда во голема мера биле идентични со содржината на претставката, а Апелациониот суд Скопје првостепената пресуда ја потврдил. Имајќи го предвид наведеното, наводите изнесени во претставката претставуваат жалбени наводи кои биле истакнати во жалба поради што предложи претставката да се одбие како неоснована. Ова од причина што согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, а согласно чл.11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.

**Претставка УПП бр.08-200/23 -** Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапување на претседателот на

Основен суд Тетово, бидејќи неосновано го одбил барањето за отповикување на условната осуда на поранешниот сопруг на подносителката на претставката за кривичното дело „Неплаќање на издршка од член 202 ст.1 в.в. со чл.45 од КЗ и дека на Советот му требало месеци да донесе решение со кое се отфрла барање како беспредметно. Спроведени се извиди во рамките на законските надлежности и прибавена е изјава од претседателот на судот и во истата е наведено дека по предлогот за отповикување на условна осуда кој бил поднесен на ден 27.02.2023 година, бил оформен предметот КС-КР.бр.134/23. Предметот бил доставен на мислење до ОЈО Тетово, кој на ден 26.04.2023 година го доставил мислењето да се отповика условната осуда. На ден 28.04.2023 година, предметот бил рефериран и предлогот за отповикување на условната осуда бил отфрлен како беспредметен, од причина што после отпочнување на постапката за отповикување на условната осуда осудениот ја исполнил обврската од пресудата, односно платил износ од 36.000,00 денари и на ден 22.03.2023 година до судот доставил оригинал уплатници како доказ дека ја исполнил обврската од пресудата за издавање на казнен налог К.бр.18/23 од 11.01.2023 година. Врз основа на сето погоре наведено, смета дека наводите изнесени во претставката се неосновани.

**Претставка УПП бр.08-207/23 -** Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен суд Охрид, а во врска со пресудата П1-134/20 од 25.11.2022 година, поради Злоупотреба на службената положба и овластување, лажна изјава на сведоци, непочитување на правосилна и извршна одлука на ОС Охрид потврдена со пресуда на АС Битола и постапување спротивно на одредбата за прекин на постапката од ЗПП. Имајќи ги во предвид наводите изнесени во претставката, произлегува дека се неосновани, со оглед дека подносителот на претставката бил известен по претходно доставена претставка УПП.бр.330/21 по однос на наводите за прекин на постапката а останатите наводи се жалбени наводи кои може да ги истакне во жалба. Ова од причина што, согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, а согласно чл.11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект.По однос на наводите за злоупотреба на службената должност веќе е

запознаено МВР бидејќи ова претставка била доставена до МВР и може да презема дејствија согласно законските надлежности.

**Претставка УПП бр.08-210/23 -** Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на Управниот суд по предметот УПР.бр.341/22 за прекршок по член 4 од Законот за јавен ред и мир. Наведува дека на првото рочиште пред Управниот суд не се појавил застапникот на МВР поради неуредна достава, како и на второто рочиште не се појавил и дека застапникот на подносителот на претставката му укажал на судот дека се работи за пресудена работа, но судот ја одбил тужба и му наложил да плати глоба од 100 евра. Во конкретниот случај во прилог на претставката приложена е и жалбата која е поднесена до Вишиот управен суд, и станува збор за жалбени наводи кои ќе ги цени повисокиот суд. Ова од причина што, согласно чл.13 ст.3 од Законот за судовите, Судскиот совет нема надлежност да ги испитува судските одлуки, односно судска одлука може да менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, а согласно чл.11 од Законот за судовите, судијата одлучува непристрасно и врз основа на слободна оцена на доказите и се забранува секој облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во вршењето на судиската функција по кој било основ и од кој било субјект. Врз основа на сето погоре наведено, произлегува дека наводите изнесени во претставката се неосновани.

**Претставка УПП бр.08-215/23 -** Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судија од Основен суд Кичево по предметот К.бр.201/21, бидејќи го огласила за виновен обвинетиот во наведениот предмет, но постапила спротивно на КЗ, од причина што согласно член 244-а точка 56 од КЗ, кога било утврдено сопресуда дека е сторено кривичното дело „Бесправно градење“ дивоградбата се одземала во корист на РСМ и смета дека во постапувањето имало и субјективни причини со оглед дека судијата не одлучила за одземањето на бесправно изградениот објект. Спроведени се извиди во рамките на законските надлежности и прибавена е изјава од судијата. Од известувањето на судијата произлегува дека Апелациониот суд Гостивар со пресуда КЖ.бр.490/22 од 09.02.2023 година ја одбил жалбата на обвинетиот но ја уважил жалбата на ОЈО-Кичево така што согласно член 244-а ст.6 од КЗ ја одзел доградбата која била бесправно изградена во корист на РСМ. Од наведеното произлегува дека претставката е основана, а координаторот за Основен суд Кичево да се задолжи за

понатамошно следење на работата на судијата Доколку подносителот на претставката располага со докази дека постоеле субјективни причини како што наведува во претставката може да поведе соодветна постапка пред ОЈО.

**Претставка бр. УПП-230/23 -** Подносителот во претставката е незадоволен од одговорот на Судкиот совет по претставката заведена под бр. УПП-85/23. Наведува дека не се работело за незадоволство туку за незаконито постапување на судија од Основен суд Куманово при донесување на пресудата П4.бр.20/20 од 19.06.2020 година, како и од донесеното решение П4.бр.25/23 од 22.03.2023 година со кое тужбата ја отфрлил поради неплатена такса без да образложи. Имено, се констатира дека по претставка, за исти факти и околности, заведена под УПП.бр.08-85/23, Советот одлучувал на седницата одржана на ден 26.04.2023 година и доставено е известување до подносителот. Со оглед дека во конкретниот случај, не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување односно одлучување, во смисла на чл. 11 од Законот за постапување по претставки и предлози(“Сл. весник на РМ” бр.82 од 8 јули 2008 год.), најсоодветно е претставката да се архивира со службена белешка.

**Претставка бр.УПП-246/23 -** Подносителот е незадоволен од нашето известување кое го добил по претходно доставената претставка и наведува дека со неговата претставка не барал да се смени одлуката туку да се поведе постапка за утврдување на одговорност на судии на Врховниот суд по предметот ПСРГГ.бр.70/2022**.** Претставката УПП-20/23, Советот ја разгледал на седницата одржана на ден 26.04.2023 година.Во конкретниот случај, од причини што во претставката УПП. 08-246/23 од 06.07.2023 година не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување во смисла на чл. 11 од Законот за постапување по претставки и предлози(“Сл. весник на РМ” бр.82 од 8 јули 2008 год.), а за што впрочем на подносителот по претставката му било одговорено со известување УПП.бр.08-20/23 од 23.05.2023 година, предложи најсоодветно е претставката да се архивира во службена белешка.

**Претставка бр.УПП-254/23 -** Подносителот со нова претставка доставува и нов предлог за разрешување на судија од Основен граѓански суд Скопје, кој постапувал по предметот П-4бр.141/16. Претходно доставената ретставката УПП-77/22, Советот ја разгледал на седницата одржана на ден 16.12.2022 година. Во

конкретниот случај, од причини што во претставката УПП. 08-254/23 од 11.07.2023 година не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување во смисла на чл. 11 од Законот за постапување по претставки и предлози(“Сл. весник на РМ” бр.82 од 8 јули 2008 год.), а за што впрочем на подносителот по претставката му било одговорено, предложи дека најсоодветно е претставката да се архивира во службена белешка.

**Претставка УПП бр.08-274/23 -** Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судија од Основен суд Кочани по предметот П.бр.557/06, за долг. Судијата од непознати причини донел пресуда со која го задолжила да плати долг кој воопшто не го должел и дека АС Штип одлучувајќи по жалба му укажал на првостепениот суд дека ваков долг не постоел и дал насоки како да ги отстрани аномалиите. Исто така, изразува незадоволство и од постапувањето на судија по предметот СТ-П4.бр.2/18, бидејќи одзел имот во исклучителна сопственост на друштвото, со цел да го врати во стечајна постапка со енормно зголемена камата за да го задоволи барањето на доверителот за непостоечки долг. Смета дека судиите постапиле незаконито и со коруптивното однесување ја злоупотребиле својата функција. Спроведени се извиди во рамките на законските надлежности и од податоците во апликацијата „Контрола на судови“ произлегува дека предметот П.бр.557/06 е правосилен на 20.05.2008 година, додека предметот СТ-П4.бр.2/18 е правосилен на 09.07.2019 година, и веќе не може да се испитува евентуалната одговорност на судиите бидејќи е поминат објективниот и субјективниот рок од член 61 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија. По однос на наводите дека судиите постапиле незаконито и со коруптивното однесување ја злоупотребиле својата функција подносителот на претставката можел да го искористи институтот изземање во текот на постапките, но доколку располага со докази дека постоеле субјективни причини при постапувањето на судиите може да поведе соодветна постапка пред ОЈО. Врз основа на сето погоре наведено, произлегува дека наводите изнесени во претставката се неосновани.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на Весна Дамева и по гласањето констатира дека со 10 гласа „За“, е усвоен предлогот.

Претседателот на Советот му даде збор на **м-р Миљазим Мустафа** по однос на претставките Упп бр.08-94/23, 08-209/23, 233/23, 241/23;

**Членот на Советот м-р Миљазим Мустафа** наведе дека **Претставка УПП бр.08-94/23** поднесена по повод работата на судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија а поради сомневање за временскиот рок во кој донел одлука во предметот РЕВ2 бр.368/22 кој бил земен во работа непочитувајќи го редот на примен на останати предмети. Според подносителот заради притисок одлуката морала да биде брзо донесена со што судијата го прекршил членот 182 став 1 и 2 од Судскиот деловник. Подносителот наведува дека испратен бил допис меѓу кој и до Врховниот суд кој е притисок врз државата и правниот поредок односно заканувачко писмо во врска со спорот, што е причина за брзо донесена одлука со кој поднесената ревизија на тужителите се одбива, а во корист на тужен. Од прибавена изјава од судијата кој постапувал по предметот произлегува дека неосновани се наводите дека судијата го зел во работа предметот без почитување на членот 182 став 1 од Судскиот деловник каде судијата постапува по предмети според редослед на прием освен во итни или други оправдани случаи. Имено предметот во судот бил примен на 10.11.2022 година и истиот ден електронски и физички примен кај судијата а на седница на советот на судии одржана на ден 25.01.2023 година донесена е одлука со која ревизијата се одбива како неоснована. Одлуката е експедирана до странките на 17.02.2023 година. Судскиот совет како орган кој се грижи за независноста на судството и судиите, во конкретниот случај нема сознанија за постоење на закана и притисок на работата на судиите. Од тука наводите за судијата кој по предмет РЕВ 2- 368/22 пребрзо ја донел одлуката и под притисок се недокажани и неосновани.Во однос на наводите дека пред Врховниот суд на РСМ има предмет заведен под РЕВ 2- 21/23 каде акционерите ја тужат за надомест на штета за неисплатена дивиденда и каде правниот основ се совпаѓа со правниот основ на предметот РЕВ2 -368/22 по кој постапувал судечкиот судија, и за кој подносителот бара да биде изземен од постапување, Судскиот совет од увид во Контролникот за работа на судовите во Судскиот совет во електронското досие на конкретниот предметот најде дека предметот е распореден кај друг судија, истиот не е решен и подносителот треба да го сочека исходот и одлуката на судот.Во однос на барањето да Судскиот совет писмено се огради од заканувачкото писмо и да го испрати до Врховниот суд , да одржи средба со судиите кои ќе дадат изјава со која се оградуваат од заканувачкото писмо и дека ќе донесат законита одлука, Советот известува дека согласно член 11 од Законот за судовите се забранува секаков облик на влијание врз независноста, непристрасноста и самостојноста на судијата во

вршрње на судиската функција по било кој основ и од било кој субјект, а судијата одлучува непристрасно со примена на законот врз основа на слободна оцена на доказите.

**Претставка УПП бр.08-209/23** од анонимен подносител, по која Судскиот совет одлучи да не се постапува по истата.Ова од причина што согласно член 8 од Законот за постапување по претставки и предлози ("Службен весник на Република Македонија"бр.82/08, 13/13, 156/15 и 193/15) органот не постапува по анонимна претставка, освен ако се работи за прашање од јавен интерес утврдено со закон.

**Претставка УПП бр.08-233/23** се поднесува поради нестручно и несовесно вршење на судска функција против судија на Основен граѓански суд Скопје за постапување по предмет П4-1034/16, судии на Апелациониот суд Скопје по предмет ГЖ-4978/19 и судии на Врховниот суд на РСМ по предмет РЕВ2-584/21 кои одлучувале без совесна и грижлива оцена на доказите, па фактичката состојба останала нецелосно утврдена.Од увид во списите кон предметот се констатира дека Основниот суд Скопје 2 Скопје со пресуда П4-1034/16 од 15.02.2019 година тужбеното барање на тужителите се одбива како неосновано. Апелациониот суд Скопје со пресуда ГЖ-4978/19 од 15.06.2021година жалбата на тужителите ја одбил како неоснована, пресудата на Основниот суд Скопје 2 Скопје П4-1034/16 од 15.02.2019 година ја потврдил. Врховниот суд на Република Северна Македонија одлучувајќи по ревизијата на тужителите изјавена преку полномошник против пресудата на Апелациониот суд Скопје донел пресуда РЕВ2 бр.584/21 од 23.02.2022 година со која ревизијата на тужителите се одбива како неоснована. Советот најде дека предметот ги поминал сите судски инстанци на преиспитување и одлучување, донесената одлука била предмет на разгледување од страна на повисоките судови кои ги ценеле наводите на подносителот кои се жалбени наводи , ги ценеле предложените докази во текот на постапката, односно ги ценеле суштествените повреди на одредбите на ЗПП и нашле дека пониските судови правилно го примениле метеријалното право и целосно ја утврдиле фактичката состојба и правилно одлучиле кога тужбеното барање го одбиле како неосновано.Судските одлуки се доволно јасни и образложени , од страна на судовите ценети се наводите на тужителите, во смисла на член 13 точка 3 од Законот за судовите според кој "Судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон".Врз основа на наведеното, Судскиот совет најде дека наводите во претставката се неосновани.

**Претставка УПП бр.08-241/23** насловена како поплака поради одолговлекување на судска постапка по предмет по кој постапува судија на Основен суд Дебар.По претходна претставка Советот расправал на седницата одржана на ден 16.12.2022 година и го известил подносителот дека понатаму постапувањето ќе биде следено од членот на Советот -координаторот за работата на Основен суд Дебар. Со оглед да во преставката УПП бр.08-241/23 не се изнесени нови наводи и факти согласно на член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози ("Службен весник на Република Македонија"бр.82/08, 13/13, 156/15 и 193/15) Советот одлучи претставката да се затвори со службена белешка и да се архивира.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на **м-р Миљазим Мустафа**и по гласањето констатира дека со 9 гласа „За", е усвоен предлогот.

Претседателот на Советот му даде збор на м-р **Селим Адеми** по однос на претставките Упп бр.08-17/23, 162/23, 213/23, 257/23, 263/23,

Членот на советот **м-р Селим Адеми** наведе дека **Претставка УПП.бр.17/23 од 18.01.2023 година** – основана во која се изразува незадоволство од постапување на Управниот суд кој вложената жалба не ја доставил до Вишиот управен суд. Советот најде дека на ден 07.12.2021 година во судот е примена поднесената жалба од подносителот на претставка на пресуда У-1бр.951/11 од 13.09.2012 година. Жалбата е доставена на одговор до тужениот орган на ден 09.12.2021 година. Тужениот орган сеуште нема доставено одговор по предметната жалба до судот, па од таа причина и предметот не е доставен до Вишиот управен суд. Советот по разгледување на наводите во претставката оцени дека истата е основана, а Управниот суд треба да преземе мерки согласно закон, со оглед на тоа рокот за доставување одговор на жалба од тужениот орган со оглед на тоа што од 15.03.2022 година кога жалбата е примена видно доставницата за уредна достава е изминат. Советот во таа смисла нема законска надлежност да интервенира со цел жалбата и предметот со сите списи да се доставаат до Вишиот управен суд, но претставката и списите кон истата ќе бидат проследени до координаторот надлежен за следење на Управниот суд кој ќе ја следи работата на судијата и следствено ќе преземе соодветни дејствија.

**Претставка УПП.бр.162/23 од 18.04.2023 година** поради незадоволство од нестручно постапување на судија на Основен суд Кавадарци по предметот К.бр.47/23. Наведува дека предметот најпрво бил воден под К.бр.204/21, оформен по приватна тужба од тужителите-правно лице и оштетениот против обвинетите– подносител на претставка преку адвокат, а за кривично дело оштетување туѓи предмети. Основниот суд Кавадарци со пресуда К.бр.204/21 од 27.04.2022 година обвинетите ги осудил за виновни Апелационен суд Скопје постапувајќи по жалбата на тужените - ја уважил со решение КЖ-868/22 од 24.02.2023 година пресудата на Основниот суд Кавадарци од К.бр.204/21 од 27.04.2022 година ја укинал и предметот го вратил на првостепениот суд на повторно судење. Сега предметот пред Основен суд Кавадарци е заведен под К.бр.47/23. Подносителот на претставка треба да го сочека исходот од повторената постапка.

**Претставка УПП.бр.213/23 од 06.06.2023 година** во врска со незадоволство од несовенсо вршење на судиската функција на судија на Основен суд Охрид по предметот ВПП2-53/23. Наведува дека против ова решение оневозможено му е правото на подносителот да изјави жалба.Видно од изјавата доставена од првостепениот судија кој постапувал во повторената постапка истиот предметот го добил во работа по укинување на решението ВПП2-28/23 од 29.3.2023 година и постапено е согласно укажувањата на второстепениот суд, односно да се спроведе постапката за обезбедување на докази. Против ова решение не е дозволена жалба согласно чл.260 ст.6 од Законот за парнична постапка, бидејќи против решението со кое се усвојува предлогот за обезбедување на докази истата не е дозволена.

**Претставка УПП.бр.257/23 од 12.07.2023 година** поради незадоволство од решение на Основен суд Делчево и Апелационен суд Штип. Смета дека истото е спротивно на чл.104 ст.1 точка 2 ЗИП и бара да биде ставено вон сила. Апелационен суд Штип со решение ГЖ-238/23 од 04.05.2023 година постапувајќи по приговорот од страна на должникот против налогот за извршување издаден од извршителот, а кое извршување се спроведува на барање на

доверителот, решавајќи по жалбата на должникот истата ја одбил како неоснована, а првостепеното решение на Основен суд Делчево ППНИ-1/23 од 07.04.2023 година го потврдил.Наводите изнесени во претставката претставуваат жалбени наводи по кои Советот не е надлежен да постапува

**Претставка УПП.бр.263/1 од 21.07.2023 година**–известителот констатирано дека во истата не се изнесени нови околности од веќе изнесените во претходно поднесената претставка до Советот од истиот подносител, заведена под број УПП бр.08-79/23 од 22.02.2023 година која била разгледана на одржана седница на Советот на 26.04.2023 година и оценета како неоснована за подносителот бил известен. Согласно член 11 од Законот за постапување по предлози и претставки предлага по оваа претставка да не постапува и истата да се архивира.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот на**м-р Селим Адеми**и по гласањето констатира дека со 9 гласа „За“, е усвоен предлогот.

Претседателот на Советот му даде збор на **м-р Тања Чачарова Илиевска** по однос на претставките Упп бр.08-198/23, 204/23, 226/23, 237/23, 08-251/23, 255/23.

**Членот на Советот м-р Тања Чачарова Илиевска** наведе дека по Претставка **УПП.бр.08-198/23** од 17.05.2023 година, подносителот изразува незадоволство од постапувањето на судијата на Основниот граѓански суд Скопје по предметот П1.бр.690/17. Наведува дека постапката е водена надвор од позитивните прописи и донесена е пресуда која е потврдена од страна на Апелациониот суд Скопје по поднесена жалба. Посочува дека поради таквото лажно постапување се поднесени кривични пријави за злосторнично здружение помеѓу тужителот и судијата. Истакнува дека судијата е позната по разни незаконски постапи и укажува дека е спремен да даде изјава поткрепена со докази. Наведува дека претходно се има обратено до Судскиот совет со претставка.

По спроведените извиди за проверка на наводите во претставката се констатира дека подносителот се има обратено со претставка до Судскиот совет заведена под УПП.бр.08-52/22 од 08.02.2022 година во својство на полномошник. Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден

16.12.2022 година ја разгледал претставката и констатирал дека истата е неоснована, односно дека не се најдени пропусти во постапувањето на судијата, ниту елементи на нестручно и несовесно вршење на судиската функција за што е известен подносителот.

Со оглед дека во претставката УПП.бр.08-198/23 од 17.05.2023 година не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување, односно водење на постапката, постапувањето по новоподнесената претставка нема да се повтори, предметот да се архивира со службена белешка, па предложисогласно чл.11 од Законот за постапување по претставки и предлози, за исходот да се извести подносителот.

Претставка **УПП.бр.08-204/23** од 26.05.2023 година.Подносителот на претставката изразува незадоволство од постапувањето на судија на Основен суд Велес по предметите К.бр.278/20 и К.бр.188/21. На ден 01.06.2023 подносителот е известен од страна на Судскиот совет дека неговата претставка не е уредна, односно истата не е потпишана. Како би можел Судскиот совет да преземе дејствија од своја надлежност, а заради проверка на наводите во претставката побарано е од подносителот во рок од 8 дена претставката да ја уреди и потпише и повторно да ја достави до Советот.

Со оглед дека подносителот не постапи по барањето на Судскиот совет во дадениот рок, известителот предлага претставката да се смета за повлечена, за што ќе се сочинислужбена белешка.

Претставка **УПП.бр.08-226/23** од 19.06.2023 година. Подносителот до Судскиот совет доставува допис насловен како „информација за состојбата", заведен во Советот под УПП бр. 08-226/1 од 19.06.2023 година. Во дописот се повикува на неправилности при донесување на пресудите К.бр.191/15 на Основниот суд Скопје 1 Скопје и КЖ.бр.152/15 донесена од Апелациони от суд Скопје на ден 18.02.2016 година, а кои пресуди биле укинати со одлука на Врховниот суд на Република Северна Македонија КВП2.бр.39/16 од 30.09 2020 година.

Исто така, наведува дека постои сомнеж за необјективност на судија и донесување на „нарачани" пресуди во Основниот суд Куманово за случај на убиство, па бара Судскиот совет во рамките на своите надлежности и овластувања, доколку најде основа и докази за повреда на законот од страна на судечките судии, да поведе постапка за нивна одговорност.

За да може Судскиот совет да постапува по дописот побарано е од подносителот истиот да го уреди на начин што ќе прецизира кои судии и во кои точно постапки смета дека биле направени пропусти, незаконитости и слично во постапувањето и истото да го поткрепи со докази.

Со оглед дека подносителот по приемот на известувањето за уредување на претставката истото го врати во Судскиот совет без да постапи по напатствијата на Судскиот совет, односно без да ја уреди претставката, известителот предлага претставката да се смета за отфрлена, за што ќе се сочини службена белешка.

Претседателот на Советот констатира дека при излагање по претствката УПП бр.08-237/23 Павлина Црвенковска членот на Советот ја напушти седницата.

Претставка **УПП.бр.08-237/23** од 28.06.2023 година. Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судечкиот судија по предметот СТ.бр.123/20 на Основниот граѓански суд Скопје, односно за стечајната постапка над должникот Еуростандард Банка АД Скопје. Дава хронолошки тек на стечајната постапка и посочува дека судијата предметот го води нестручно и несовесно со што финансиски оштетува повеќе од 700 штедачи-доверители на банката и околу 2000 фирми. Наведува дека судијата не го почитува правосилното и извршно решение на Основен граѓански суд Скопје, каде е утврдено дека за секој доверител поединечно главницата се исплаќа заедно со каматата. Укажува дека согласно одредбите од чл.116 и чл.118 од Законот за стечај е определено дека каматата е од ист исплатен ред со главницата и се исплаќа заедно со главницата, а судијата спротивно на тоа смета дека на доверителите не им следува камата. Истакнува дека судијата закажува завршно собрание на сред стечајна постапка и измислува исплатни редови. Наведува дека судија применува репресивни мерки кон доверителите со изрекување на парични казни кон неколку доверители само поради тоа што поднеле барања за изземање на судијата. Воочува дека стечајниот судија наместо да ги штити интересите на доверителите и да комуницира со нив по прашања од заеднички интерес, истата е потолно недостапна за нив. Предлага да се преземат дисциплински мерки против судијата за нестручно и несовесно вршење на функцијата.

По спроведените извиди за проверка на наводите во претставката и добиената изјава од страна на стечајниот судија се констатира дека од страна на стечајниот управник и судот е изготвен

план за авансна раседелба СТ.бр.123/20 од 21.02.2020 година, кој план е одобрен со решението на судот од 21.02.2022 година. Со овој план доверителите се поделени во повеќе исплатни редови согласно Законот за банки, Законот за стечај и одлуката на Уставен суд. Штедачите се доверители од прв исплатен ред и истите се намирени во целост, односно главен долг и камата до отварање на стечајната постапка. Сите останати доверители се рангирани во пет исплатни редови и на крајот се акционерите кои имаат право на остаток од стечајната маса. Притоа потребно е сите останати стечајни доверители да се измират за да потоа доколку има парични средства судот со посебно решение да одобри исплата на побарување од пониски исплатни редови, како што е каматата по отварање на стечај, на која камата право имаат сите стечајни доверители од петте исплатни редови. Сето тоа е образложено во одлуката на судот и решението е обжалено од страна на претставник на штедачите која жалба е одбиена како неоснована, а решението е потврдено.

Штедачите како стечајни доверители своите права во рамките на стечајната постапка како што е правото на членување во органите и правото да гласаат на собранието го губат, бидејќи во тој стадиум на постапката тие не се доверители, бидејќи нивните побарување се измирени и треба да се намират сите доверители од повисок исплатен ред.

Подносителот на претставката како штедач бил измирен, па сега бара и камата од втор исплатен ред која неспорно му следува, но доколку должникот има пари за распределба, бидејќи на тоа право имаат не само штедачите туку и сите останати стечајни доверители. Таквото правно прашање било елеборирано во решението СТ.бр.123/20 од 05.05.2023 година со кое е одобрен план за корегиран план за втора авансна распределба и истиот со одлука на Апелациониот суд е потврден.

По однос на наводите дека е закажано завршно собрание на сред стечајна постапка се констатира дека видно од објавениот оглас на огласната табла на судот и во дневниот печат е дека  е закажано собрание на доверители, а не завршно собрение како што погрешно е објавено во ЈП Службен весник, поради што судот врши исправка на огласот и собранието на доверители се презакажува.

Во поглед на наводите за примена на репресивни мерки кон доверителите со изрекување на парични казни поради тоа што поднеле барања за изземање на судијата, се констатира дека барањата за изземање со решение на претседателот на судот се одбиени како неосновани, а подносителот на претставката бил казнет од страна на судот поради недолични зборови упатени на адреса на судот.

Со оглед на горе наведеното се констатира дека наводите во претставката се неосновани и не се утврдени пропусти на судечкиот судија кои упатуваат на нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Се предлага претставката да се одбие како неоснована.

Претставка **УПП.бр.08-251/23** од 11.07.2023 година.Подносителот изразува незадоволство од постапувањето на судијата на Основен суд Неготино која постапувала по предметот К.бр.119/22. При проверка на наводите во претставката се констатира дека подносителот претходно во два наврати се има обратено до Судскиот совет со претставки со идентична содржина и наводи, заведени под УПП.бр.08-433/22 од 13.12.2022 година и УПП.бр.08-52/23 од 03.02.2023 година. По повод претставката УПП.бр.08-433/22 е расправано на седница на Судскиот совет на ден 26.01.2023 година и е констатирано дека не се најдени пропусти во постапувањето на судијата, ниту елементи на нестручно и несовесно вршење на судиската функција. Во поглед на претставката УПП.бр.08-52/23 е расправано на седница на Судскиот совет одржана на 28.02.2023 година и подносителот е известен дека со оглед дека не се изнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување, постапувањето од страна на Судскиот совет нема да се повтори.

Од причина што во претставката УПП.бр.251/23 не се инзнесени нови факти и околности кои не биле познати во претходното постапување, односно водење на постапката, постапувањето по истата претставка нема да се повтори и предметот се архивира со службена белешка согласно чл.11 од Законот за постапување по претставки и предлози, за што подносителот ќе биде писмено известен.

Претставка **УПП бр. 08-255/23** од 12.07.2023 година. Подносителот во претставката изразува незадоволство од постапувањето на судијата на Основен суд Кавадарци кој постапува по предметот П1.бр.14/23 во смисла дека од моментот на поднесување на тужбата досега биле изминати три месеци, а сеуште не бил повикан на расправа. Исто така бара од Советот да наложи на претседателот на судот да не се меша во постапката, од причина што истиот е тужен од подносителот на претставката во минатото.

По направените извиди за проверка на наводите во преставката и побараната изјава од предметниот судија се констатира дека до Основен суд Кавадарци на ден 03.04.2023 година поднесена е тужба од подносителот на претставката против четири физички лица, за бришење на запишаните права врз недвижноста

во катастарските операти - брисовна тужба од претпоставен сопственик и претпоставено корисничко право, вредност 122.000,00 денари.

Тужбата е доставена на одговор до тужените на ден 06.04.2023 година. Еден од тужените ја примил тужбата на ден 10.04.2023 година, додека за останатите тужени доставата е неуспешна, со напомена дека двајца од тужените биле иселени од наведената адреса и еден од тужените не ја подигнал пратката при два последователни обиди за достава.

Со барање на ден 27.04.2023 година и ургенција на ден 14.07.2023 година судот се обратил до МВР-СВР Скопје да бидат направени оперативни проверки дали тужените имаат направена промена на живеалиштето, за што сеуште се чека одговор од министерството.

Со оглед на наведеното се констатира декапо предметот судот постапува, но постојат објективни пречки за закажување на подготвително рочиште, па истото ќе биде закажно откако кога ќе се створат услови за тоа. Известителот наведе дека произлегува дека судот постапува по предметот и не ја оддолговлекува постапката, па од тие причини предлага наводите во претставката да се одбијат како неосновани.

Претседателот на Советот, го стави на гласање предлогот нам-р Тања Чачарова Илиевскапо образложените претставкии по гласањето констатира дека со 10 гласа „За",е усвоен предлогот на известителот, освен за претставката УПП бр.237/23 за која се констатира дека со 9 гласа „За" е усвоен предлогот на известителот, бидејќи по истата е изземен од гласање членот на Советот- Павлина Црвенковска.

Седницата е прекината во 16.30 часот и продолжува наредниот ден.

**ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 452-та седница од 30.08.2023 година**

Со седницата раководи **заменик Претседателот на Советот-Ханиф Зендели** – одржана на ден 31.08.2023 година -четврток во салата за седници, со почеток од 11.00 часот.

Присутни членови:

- **М-р Антоанета Димовска**, Член на Советот
- **Мери Радевска,** Член на Советот
- **М-р Ивица Николовски**, Член на Советот

- **Мирсад Суроји**, Член на Советот
- **Весна Дамева,** Член на Советот
- **м-р Миљазим Мустафа**, член на Советот
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**
- **м-р Селим Адеми**, Член на Советот

Отсутни членови – уредно поканети:

- **Кренар Лога**, Министер за правда
- **Беса Адеми**, Претседател на Врховен суд – членови на Советот по функција и
- **Сашко Георгиев**, Претседател на Судски совет на РСМ, оправдано отсутен поради работни обврски
- **Лорета Горгиева**,Член на Советот, користи денови од годишен одмор и
- **Павлина Црвенковска**, Член на Советот

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**,ВД Генерален секратар
- **Медиа Шаќири**, Советник
- **Александра Шоптрајанова,** Самостоен Референт

**Заменик Претседателот на Советот- Ханиф Зендели** предлага за 6-та точка- Формирањена Комисии на известители по поднесени барања за утврдување одговорност на судија/претседател на суд да се донесе одлука за исклучување на јавноста, согласно член 39 став 2 од Законот за Судскиот совет и предлогот го стави на гласање.

За одлуката за исклучување на јавноста гласаа 9,,За“ и ниту еден,, Против“.

**Заменик Претседателот на Советот-Ханиф Зендели**констатира дека Претседателот на советот е присутен и ќе продолжи со раководење на седницата по наредната точка од Дневниот ред.

**Претседателот на Советот- Сашко Георгиев,** откако констатира дека нема кворум Седницата ја прекина и констатира дека ќе се продолжи со седница за 13.09.2023 година.

Претседателот на Советот констатираше дека седницата ја напуштија членовите на Советот -Мирсад Суроји, Ханиф Зендели и м-р Селим Адеми.

Се констатира дека седницата заврши во 14.45 часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**СУДСКИОТ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Сашко Георгиев**

Изработил: Медиа Шаќири
Одобрил: Весна Толева